

Една идеја што за прв пат беше претставена токму во "Македонска нација" пред неколку месеци, се чини сосема извесно дека е прифатена од званичен Берлин и ќе биде реализирана во претдстојните неколку години.

Имено, станува збор за предлогот: Сојузна Република Германија да формира своевиден проект, т.е. фонд за помош на западниот Балкан со формирање на мини верзија на "Маршаловиот план" со којшто по завршувањето на II  Светска војна, според планот на американскиот генерал Маршал, САД финансиски ја помогна обновата на Германија и уште неколку земји од хитлеровската оска.

Како благодарност кон канцеларката Меркел, доколку идејата биде прифатена, ние предложивме фондот симболично да го носи нејзиното име, т.е. "Меркелов план".

Според пишувањето на белградскиот дневен весник "Вечерње новости", Германија веќе имала подготвено мини Маршалов план за Балканот со цел во годините што претстојат да се раздвижат економиите во регионот. Весникот, при тоа, се повикуива на "сигурни дипломатски извори!"

Планот на званичен Берлин, наводно, бил наскоро да го стави овој проект на маса на Европскиот совет во Брисел за одобрување, но и за определување на износот на средства за таа намена. Мини Маршаловиот план, или како што го нарекуваат во Берлин "Балкан плус" прилив на средства очекува од Европската економска зона што ја сочинуваат Европска Унија, Исланд, Лихтенштајн и Норвешка, како и Европската асоцијација за слободна трговија ЕФТА, каде припаѓа и Швајцарија.

Приоритет на програмата на проектот "Берлин плус" се предвидува да биде сообраќајно поврзување на Србија со БиХ , како и Србија, преку Приштина (Косово), Тирана (Албанија).

Ваквиот концепт, како и самиот Берлински процес, од којшто произлезе и идејата за процесот "Берлин плус", има една многу сериозна фалинка, а тоа е сознанието дека ни во првиот ни во дополнителниот проект никаде ја нема Македонија. Или поточно речено, не е присутна Македонија. Додуша, мораме да имаме малку резерва кога донесуваме ваква забелешка, бидејки сепак немаме увид во целиот текст на концептот "Берлин плус", но ако по утрото се познава денот, тогаш излгеда не треба многу да се надеваме на финансиска помош од двата проекта, или пак евентуално само на трошки.

Неспорно е дека Германија е водечка земја и во "Берлинскиот процес" и во "Берлин плус", па следствено се наметнува заклучокот дека не нема, или сме наргинализирани и во двата проекта, за што сепак "најзаслужна" е токму Германија.

А да ги праша човек Германците: Зошто? Што ви згрешивме? Од каде и на што се должи ваков непријателски однос од ваша страна кон нас Македонците, не сум сигурен дека ке можат да понудат некој логичен и аргументиран одговор. И дополнително прашање: како го замислувате напредокот на целиот имагинарен регион на западниот Балкан игнорирајки ја Македонија??? Не ја познавате доволно географијата на регионот, или што е проблемот?

Па тоа ни Хитлер не го правеше! Напротив! Нему многу му беше присутна во свеста Македонија, па дури се обиде 1944 година и да направи независна македонска држава на чело со Иван Михајлов, а по примерот на ЕнДеХа на Анте Павелиќ, а кога ги караше своите генерали за неуспесите на фронтовите, им врескаше:"Не сакам македонски работи" (мацедонише цуштенде)!

Не сакаме да веруваме дека целта на владата во Берлин со бруталното игнорирање на Македонија како меѓународно призната држава и со некритична подршка на вештачки создадени државни творби на Балканот и со некритичка помош на мафијашки и криминогени режими во регионот, сака токму да создаде "Мацедонише цуштенде".

Чунки антимакедонската хистерија денес актуелна во Берлин сепак ќе еволуира во промена на германскиот став кон Македонија, пред се и над се не само заради нас, туку и заради целиот регион којшто - цитирајки ги изјавите од дипломатските извори за процесот:"Берлин плус" на Германија "многу и значел"!?

**Ѓорѓи Поповски**